Број 121 Октомври 2022

# S-WORK




Photo: Erik McGregor/Pacific Press/LightRocket via Getty Images

# Криминализација на купувањето сексуални услуги: **Искуства од нордискиот регион**




Краткиот извештај насловен **Криминализација на купувањето сексуални услуги: Искуства од нордискиот регион** ги испитува ефектите од криминализацијата на купувањето сексуални услуги од сексуалните работници и луѓето инволвирани во сексуалната индустрија, особено за нивната ранливост на насилство и експлоатација. Бидејќи во Нордискиот регион, како и во многу други земји, многу од луѓето кои ја работат сексуалната работа се мигранти, овој краток преглед, исто така испитува како полицијата се однесува и постапува кон комерцијалниот секс според „Нордискиот модел" кој се вкрстува со имиграциските политики и нивното спроведување.

Шведска е првата земја од Нордискиот регион, која во 1999 година ја криминализираше сексуалната работа со цел да се стави крај на побарувачката за комерцијален секс. Верзиите на она што сега е општо познато како „Шведски модел" на законска регулација на сексуалната работа, беа донесени набргу потоа во Норвешка и Финска, а политиките насочени кон криминализација на купувањето сексуални услуги се усвоени и во неколку земји во Европа и Северна Америка.

Политиките на Нордискиот модел се потпираат на радикалните феминистички аргументи за комерцијалниот секс како форма на насилство врз жените и како образложение за укинување на трговијата со луѓе и сексуалната експлоатација. Бидејќи жените во оваа идеологија се гледаат како жртви, според овој зако, тие не треба дополнително да се казнуваат, туку треба да бидат заштитени од клиентите.

Овој краток преглед испитува како криминализацијата на купувањето секс влијае на сексуалните работници и луѓето во сексуалната индустрија, особено во врска со нивната ранливост на насилство и експлоатација. Бидејќи во Нордискиот регион, како и во многу други земји, повеќе од 70% од луѓето инволвирани во сексуалната индустрија се мигранти, овој краток преглед исто така го испитува полициското работење кон сексуалните работници мигранти. Во краткиот извештај се заклучува дека Нордискиот модел влијае негативно врз сексуалните работници и луѓето инволвирани во сексуалната трговија и дека влијанијата се мултиплицираат кај мигрантите кои нудат сексуални услуги. Се препорачува отстранување на кривичните казни поврзани со консензуален комерцијален секс со цел да се заштитат безбедноста, интегритетот и правата на сексуалните работници.

Заклучоците од овој извештај се засноваат на етнографско истражување спроведено во период од три години во Нордискиот регион (Шведска, Норвешка, Финска), а кое вклучувало 210 формални интервјуа со сексуалните работници и луѓето во сексуалната индустрија, полицијата, социјалните работници и креаторите на политики. Мнозинството од 129-те интервјуирани лица кои се занимаваат со сексуална работа биле цис и транс жени. Тие ги претставуваат главните региони и земји на потекло (Источна Европа, Русија, Латинска Америка, Нигерија, Тајланд и нордиските земји), како и нивните работни локации (на затворена сцена, онлајн, на улица, салони за масажа, стриптиз клубови).

Истражувањето покажува неусогласеност помеѓу идеолошкиот дискурс кој го изедначува комерцијалниот секс со сексуалната трговија и експлоатација и реалноста што ја доживуваат сексуалните работници и луѓето во сексуалната индустрија. Само мал дел од интервјуираните, т.е 6%, сметаат дека биле тргувани или принудени од некој друг да продаваат секс. Намерата да се заработи пари е наведена како единствен најголем мотиватор за оние кои се занимаваат со сексуална работа, без оглед на нивното толкување или чувства кон работата. Затоа, оваа студија заклучува дека комерцијалниот секс треба да се сфати како активност што генерира приход, форма на неформална работа. Следствено, овој труд ги користи термините сексуален работник и луѓе во сексуалната индустрија за да се однесува на луѓе кои нудат/продаваат сексуални услуги.

И покрај експлицитната цел на Нордискиот модел да го оддалечи вниманието од луѓето кои продаваат секс, тие сè уште се главна мета на полицијата. Спротивно на општото мислење дека продажбата на секс не е криминализирана според Нордискиот модел, луѓето кои продаваат секс се де факто криминализирани, особено преку спроведување на имиграционата политика. Целта на полицијата се мигрантите и тоа често води кон иселување и депортирање на сексуалните работници мигранти.

Наодите од истражувањето покажуваат дека мнозинството од интервјуираните, односно 96 %, се против Шведскиот модел и поддржуваат отстранување на кривичните казни поврзани со продажбата на сексуални услуги. Социјалните услуги и социјалната заштита кои требаа да бидат столбот на Нордискиот модел за регулација на сексуалната работа се недостапни за сексуалните работници. Огромното мнозинство од луѓето кои се занимаваат со комерцијален секс во регионот се мигранти без дозволи за постојан престој и затоа немаат право на државни услуги, како што се социјалната и/или јавната здравствена заштита. Општото јавно мислење за комерцијалниот секс како форма на насилство врз жените во Шведска доведе до ограничено тестирање за СПИ и намален пристап до здравствени или правни услуги, како и практично исклучување на мигрантите од обезбедувањето услуги.

Главната цел на законската регулатива за сексуалната работа во нордиските земји е укинување на комерцијалниот секс на сексуалните работници и луѓето во сексуалната индустрија преку криминализација на купувачите на сексуални услуги и трети лица инволвирани во сексуалната индустрија. Доказите од оваа студија покажуваат дека Нордискиот модел не претставува модел што треба да се реплицира, туку комплексна, конкретена и специфична регулаторна правна рамка дизајнирана да ја наруши благосостојбата, безбедноста и здравјето на сексуалните работници, а при тоа да ја укине продажбата на комерцијалниот секс.

Краткиот извештај: **Криминализација на купувањето сексуални услуги: Искуства од нордискиот регион** е спроведен од страна на **Centre for Women, Peace and Security** е достапен на следниов линк: https://www.lse.ac.uk/women-peace-security/assets/documents/2022/W922-0152-WPS-Policy-Paper-6-singles.pdf



Сексуална работничка од Торонто:

# Еве зошто сметам дека мојата работа е моќна

Работам како сексуална работничка од ноември 2008 година. Како и повеќето припадници на мојата заедница сметам дека мојата работа е профитабилна, пријатна и моќна.

Постои негативна стигма околу секс индустријата која очајно треба да се промени. Многу луѓе ги гледаат сексуалните работници како жртви кои биле принудени на оваа работа поради околности надвор од нивна контрола или чист очај. Но, јас не сум ниту едното нити другото. Оваа работа ја работам по сопствен избор.

Сепак, повеќе од една деценија не зборував многу за мојата работа со другите - најмногу затоа што не сакав моето семејство да се плаши за мене, но и затоа што сфатив дека мојата работа им прави непријатно чувство на другите луѓе.

Во документарниот филм Selling Sex, британскиот режисер Луис Теру ги претставува приказните на сексуалните работници со почит, сочувство и хуманост. Ваквите документарни филмови се составен дел од помагањето да се отстранат дискриминацијата и стигмата против оние кои доброволно работат во секс индустријата.

Разбивањето на таа стигма е причината што решив да излезам како горда сексуална работничка пред мојата заедница, пред пријатели и семејството пред една година.

### Зошто станав сексуална работничка?

Во раните тинејџерски години мечтаев да станам олимписка лизгачка, модна дизајнерка, учителка и мајка, но никогаш не помислував дека ќе бидам сексуална работничка.

До 2008 година, работев како менаџерка на оддел за облека во продавница за возрасни и живеев сама во стан со две спални. Не можев да си ја платам киријата и сакав повеќе слобода во животот. Сексуалната работа ми изгледаше како привлечен начин да ги задоволам моите финансиски потреби на начин што ми дава добар поврат на времето и енергијата.

Исконтактирав со една добра пријателка за која знаев дека работи како ескорт придружничка, и таа (донекаде неволно) ми даде насоки како безбедно да влезам во бизнисот. На почетокот чувствував страв и срам. За среќа, мојот прв состанок помина одлично, а срамот исчезна додека ги пребројував заработените пари дома.

Сексуалната работа исто така послужи како средство за моето сексуално самооткривање. Повеќето од моите соработници претпочитаат хетеросексуални, моногамни врски во нивниот личен живот, но јас сум бисексуалка, сакам откаченост и дефинитивно не сум моногамист. Сексуалната работа е совршен начин за мене да ги негувам сите овие аспекти.

### Зошто ја сметам сексуалната работа за моќна професија?

Како две од трите жени интервјуирани во документарниот филм кој веќе го споменав, Selling Sex, а и многу сексуални работници во секс индустријата, имам историја на сексуална и психичка злоупотреба. Сметам дека комодифицирањето на моето тело е начин да ја вратам моќта и физички и психолошки. Мажите



уживаат во моето друштво и ми велат дека сум привлечна. Со нив се чувствувам сигурно и достоинствено.

Она што навистина ми дава моќ е тоа што им помагам на клиентите да се чувствуваат добро. Некои од моите клиенти се исто така жртви на сексуална злоупотреба, но сите клиенти ги третирам подеднакво, со почит и достоинство. Горда сум на улогата што ја имам во учењето на клиентите како да имаат здрава и пријатна сексуална врска.

**Како влијаат законите врз сексуалните работници?**

Во Англија, легално е да се „продава секс“ се додека тоа не вклучува принуда, експлоатација или злоупотреба, не предизвикува јавна непријатност и не вклучува работа во бордел. Но, во Канада е сосема поинаку.

Овде, Нацрт-законот C-36, наречен Закон за заштита на заедниците и експлоатираните лица, го прави продавањето сексуални услуги легално, но незаконски е клиентите да плаќаат за тоа. Ограничени сме во тоа како ги рекламираме нашите услуги и треба да работиме во затворени простории, во мали (но скриени) бордели, во нашите домови или кај клиентите. Ова не става на ризик бидејќи треба да бидеме дискретни. Иако повеќето од нашите клиенти се безбедни, законот го отежнува прегледот на клиентите за да се заштитиме од сексуалните насилници. И ако има проблем, честопати повикувањето полиција не е опција.

Споделувањето приказни за жени кои се занимаваат со сексуална работа од позитивна гледна точка е важно за промена на ставовите на луѓето кон сексуалната работа. Откако ќе ги промениме нашите перцепции за сексуалните работници и луѓето кои ги бараат нашите услуги, се надевам дека законите ќе се променат за да ја направат нашата работна средина побезбедна.

На крајот на краиштата, кој не би сакал да биде добро платен за да прави нешто што ги прави другите да се чувствуваат добро



# СОВЕТИ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ ЗА ЗАШТИТА ОД МАЈМУНСКИ СИПАНИЦИ КАЈ СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Овој документ има за цел да им обезбеди информации и препораки на сексуалните работници и организациите предводени од сексуалните работници за заштита од мајмунски сипаници, со целсексуалните работници да можат да донесуваат информирани избори и одлуки.

Глобалната мрежа на проекти за сексуална работа (NSWP) ја истакнува важноста на овој документ со препораки за заедницата на сексуални работници, со цел да се превенираат мајмунските сипаници, особено по тешкиот период кој овие маргинализирани заедници го имаат доживеано за време на пандемијата со КОВИД-19, како што е целосна загуба на приходите и зголемена криминализација, насилство и вознемирување. Како криминализирана популација, сексуалните работници беа непропорционално погодени од КОВИД-19, живеејќи во несигурни економски услови и исключени од системите за социјална заштита.

Појавата на друга заразна болест со потенцијал да влијае негативно врз сексуалните работници покренува слични прашања и реалности кои мора навремено да се препознаат со цел и навремено да се превенираат, како што се:

- Сексуалните работници често немаат друг избор за работа и/или извор на приходи за време на пандемија и често трпат загуба на приходите;
- Изложеноста или инфицираноста со мајмунски сипаници, доведува до нивно изолирање на подолг временски период, што пак претставува огромен предизвик за сексуалните работници;
- Следењето контакти или споделувањето детали за контакти со клиентите често е нереално, непрактично или небезбедно за повеќето сексуални работници;
- Криминализацијата, стигмата и дискриминацијата создаваат дополнителни бариери за сексуалните работници во пристапот до сексуални и други здравствени услуги. Идентификувањето како сексуален работник (или алтернативно како геј маж), на

пример, за да се прими вакцина, доколку е достапна за приоритетните популации, може да носи значителни дополнителни ризици.

NSWP во соработка со експерти од Светската здравствена организација го подготвија овој брифинг со цел да им се обезбедат на сексуалните работници најдобри, веродостојни, засновани на докази и нестигматизирачки информации од доверливи извори за да можат да се заштитат себе си, своите семејства и своите најблиски од мајмунските сипаници.

Документот е наменет за организациите-членки на мрежата кои можат да ги користат информациите содржани во извештајот и да ги споделуваат помеѓу заедниците со кои работат, приспособени да одговараат на нивниот локален правен контекст, за достапноста на локалната вакцина и здравствените услуги, и секако да одговараат на начинот на кој тие комуницираат со заедниците на сексуални работници.

**Преглед**

Случаи на заразени со мајмунски сипаници, што преставува вирусна заразна болест, моментално се пријавуваат во земји каде болеста претходно не била откриена. Ризикот од мајмунски сипаници не е ограничен на една заедница или одредено место. Секој што има близок контакт со некој што е заразен е изложен на ризик.

Повеќето луѓе од дијагностицираните случаи со мајмунски сипаници во новозафатените земји најчесто се идентификувани во заедници на геј, бисексуалци и други мажи кои имаат секс со мажи, кои имале неодамнешен сексуален контакт со нов партнер или повеќе партнери. Заедниците на трансродовите луѓе и луѓето со различен родов идентитет се исто така изложени на висок ризик од мајмунски сипаници.

Епидемијата со мајмунски сипаници е загрижувачка, особено за луѓето кои се со нарушено здравје, нивните партнери, семејства и заедници, како и за луѓето чија работа бара близок контакт со други, вклучително и сексуалните работници. Многу сексуални работници ќе се борат финансиски ако не можат да работат, ако избегнуваат близок контакт со клиенти кои имаат мајмунски сипаници или додека се изолираат, затоа што се сомневаат или потврдиле дека имаат мајмунски сипаници. Проблемите и предизвиците со кои се соочуваат сексуалните работници во кризни ситуации, стануваат уште поголеми кога нема социјална заштита или финансиска поддршка достапна од нивните влади за овие категории на луѓе.



За време на пандемијата со КОВИД-19, повеќето организации предводени од сексуални работници воспоставија шеми за взаемна помош за излез од кризата. Слични шеми и политики може да бидат можни во секоја земја ако организациите почнат да развиваат фондови за одговор при итни случаи за новите здравствени кризи кои ги спречуваат сексуалните работници да заработуваат. Идентификувањето, воспоставувањето и подигнувањето на свеста за овие политики се од суштинско значење за да се создаде средина во која сексуалните работници ќе можат да се заштитат себе си и другите од пренесување на вирусните болести.

**Која е намената на овој документ?**

Овој документ вклучува јавни здравствени совети за сексуалните работници со различен родов идентитет да се заштитат себе си и другите од мајмунски сипаници. Наменет е за употреба од страна на сексуалните работници, организации предводени од сексуални работници, застапувачи за правата на сексуалните работници, даватели на здравствени услуги (особено оние кои обезбедуваат услуги за сексуално и репродуктивно здравје) и организации кои работат на промовирање на здравјето на сексуалните работници.

Информациите во овој документ може да се користат како основа за формални и неформални разговори помеѓу заедницата, информативни сесии за сексуалните работници, за тоа како да се заштитат себе си и другите. Информациите вклучени во документот може и треба да се приспособат на локалниот контекст и поставувањето на сексуалната работа во зависност од потребите на заедницата.

## Клучни точки:

- Мајмунските сипаници се вирусно заболување кое може да предизвика осип и други симптоми како треска или болки во телото.

- Мајмунските сипаници се пренесуваат преку физички контакт, допирање, бакнување, како и преку орален, вагинален и анален секс.

- За да се заштитите себе си и другите:

  • Знајте ги симптомите и редовно проверувајте се;

  • Имајте отворени разговори со блиски контакти каде што е безбедно да го направите тоа;

  • Избегнувајте близок контакт со некој за кој знаете дека има мајмунски сипаници;

  • Побарајте здравствен совет и тестирајте се ако сте биле изложени или имате симптоми;

  • Изолирајте се ако имате мајмунски сипаници, секогаш кога е можно;

  • Вакцинирајте се ако ви е достапна вакцина во вашата земја.

- Имањето или изложувањето на мајмунски сипаници воопшто не е срамно. Секој може да се зарази со мајмунски сипаници. Ајде да се грижиме едни за други и заедно да се заштитиме од мајмунските сипаници. •






# Застапување и активизам кај сексуалните работници

Заедницата на сексуални работници како една од најмаргинализираните групи граѓани, често се соочува со низа проблеми и предизвици поврзани со стигма, дискриминација и насилство. Сексуалните работници се најчесто неприфатени и социјално исклучени во општеството, а сепак многу малку луѓе знаат дека токму сексуалните работници се тие кои ги создале првите општествените движења низ целиот свет. Сексуалните работници во Европа и во светот се организираат многу години station наназад, учествувајќи на улични протести и штрајкови како реакција на затворањето на нивните работни места или поради неприфаќање на лошите и небезбедни работни услови. Сексуалните работници ширум светот се вклучуваат во организирани протестни маршови за борба против насилството, против стигматизацијата и дискриминацијата во сите сфери од нивното живеење, лошите политики и закони, при тоа барајќи си ги своите права, како и полесен пристап до правни, социјални и здравствени услуги и заштита.

Сексуалните работници формираат заедници или здруженија кои можат да бидат разновидни и да вклучуваат мажи, жени, трансродови лица, ЛГБТИ, мигранти, самохрани родители и сл. Заедницата на сексуални работници може да биде од формален или неформален тип и може да дејствува самостојно или пак во коалиција со други здруженија и поддржувачи во своите граѓански акции за промоција на своите интереси и потреби, како и за заштита и промоција на своите права и слободи.

Активистичкото движење на една заедница на сексуални работници не е повик само за регулација на сексуалната работа во земјите каде што истата е пенализирана

или пак криминализирана, туку и активно вклучување во борбата против сите видови насилство, хомофобија, трансфобија, расизм, сексизм, ксенофобија и други видови на дискриминација и стигма, како од страна на општата јавност, така и од државните институции. Бидејќи сексуалните работници се маргинализирани и социјално исклучени во општеството, истите се соочуваат со низа проблеми кои имаат големо влијание врз нивниот живот. Сексуалните работници често се исклучени од процесите на креирање јавни политики и одлуки кои се важни за нивното здравје и благосостојба. Затоа, сексуалните работници често се здружуваат и организираат јавни кампањи како една од начините за  самозастапување.

Постојат различни методи и алатки кои заедницата на сексуални работници ги користат ширум светот да ги искажат своите грижи и барања и да ги испратат своите пораки до креаторите на јавни политики и други главни донесувачи на одлуки. Најчеста метода за застапување која ја користат сексуалните работници е преку организирање јавни кампањи и настани со цел подигнување на свеста кај општата јавност. Застапувањето, исто така може да има за цел да ја подигне јавната свест и едукација за проблемите на сексуалните работници насочени кон различни групи на граѓанското општество, вклучувајќи ги феминистичките организации, организации застапувачи на мигрантските права, ЛГБТИ организациите, како и давателите на здравствени услуги за ХИВ и СРЗ, новинари и слично.



Во издание на:

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ
РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

СТАР

Поддржано од:

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

Ставовите изнесени во S-Work не нужно ги изразуваат или се во согласност со ставовите на издавачот Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје или на Фондација Отворено општество - Македонија.